**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љопче Димитковска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Струмица и Радовиш**
**ул. Васил Сурчев бр.5**
**тел. 034 344-553**

**Образец бр.66**

**И.бр.132/2021**

Извршителот **Љопче Димитковска** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ДПТУ ПЦ Контрол Хардвер ДООЕЛ од Струмица,преку полномош.адвокат Драги Аљоков од Струмица** од Струмица со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ 4027014520287 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Браќа Миладиновски бр.18, засновано на извршната исправа НПН Бр.370/2021 од 16.04.2021 на Нотар Јанко Милушев од Струмица, против должникот **ДПТУ АГРОПРОЛИФЕ ДОО од Струмица** од Струмица со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ 4027018528924 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Ленинова бр.1-1/6, за спроведување на извршување во вредност 2.796.155,00 денари, на ден 23.03.2022 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: -Парцела бр.497 место викано Ендеклик, катастарска култура гз гиз, со површина од 3100 м.кв. со право на сопственост

-Парцела бр.497 место викано Ендеклик, катастарска култура гз зпз 1, со површина од 832 м.кв. со право на сопственост

-Парцела бр.499 место викано Ендеклик, катастарска култура гз гиз, со површина од 2579 м.кв. со право на сопственост

-Парцела бр.499 место викано Ендеклик, катастарска култура гз зпз1, со површина од 176 м.кв. со право на сопственост

-Парцела бр.497 дел 0,број на зграда 1,влез1.кат ПР,намена на посебен заеднички дел од зграда ДП, со површина од 976 м.кв.

-запишани во имотен лист бр.508 во КО Петралинци при Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Струмица
сопственост на должникот **ДПТУ АГРОПРОЛИФЕ ДОО од Струмица**.

Продажбата ќе се одржи на ден 13.04.2022 година во 10,00 часот во просториите на Извршител Љопче Димитковска Струмица ул.Васил Сурчев бр.5.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.132/2021 од 21.03.2022 година,изнесува 12.219.133,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:товар во корист на повеќе доверители. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на

предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001516260924 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5027007114099 најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Љупче Димитковска

Д.-на: Доверител,Должник,

Други доверители

Даночно одделение општина Босилово

Даночно одделение општина Струмица

УЈП Даночно одделение Струмица

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.